Општина Охрид
Градоначалник

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 09-433/6
ОХРИД 10.02.2022

Градоначалник

Димитар Влахов
бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М." бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид" бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл. Весник на РМ 10/20), Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт, Одлуката бр.08-7251/10 од 22.07.2021 година за отстапување на времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Младински центар – Охрид, Одлука за изменување и дополнување на одлуката за отстапување на времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Младински центар – Охрид бр.08-1172814 од 24.11.2021 година донесена од страна на Советот на општина Охрид, член 7 став 5 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на младинска организација која ќе раководи со младинскиот центар Охрид бр. 09-433/1 од 13.01.2022 година, Јавниот повик за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со младинскиот центар Охрид бр. 09- 433/2 од 13.01.2022 година, како и Записникот со предлог од Комисијата за разгледување и одлучување по пристигнатите пријави број 03-433/5 од 10.02.2022 година, Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. Коалиција на младински организации СЕГА – Прилеп **СЕ ИЗБИРА** согласно јавниот повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид;

2. Со избраната младинска организација ќе биде склучен Договор во кој детално ќе бидат наведени нејзините обврски како и обврските на општина Охрид по однос на раководењето со Младинскиот центар Охрид. Составен дел од договорот ќе биде годишната програма за работа на Младинскиот центар Охрид за 2022 година, поднесена во документацијата на јавниот повик;

*Образложение*

Градоначалникот на општина Охрид распиша јавен повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар – Охрид број 09-433/2 од 13.01.2022 година. За потребите на јавниот повик донесе правилник за начинот, постапката и критериумите за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид број 09-433/1 од 13.01.2022 година и формира комисија за отварање, разгледување, и одлучување по пристигнати пријави на јавниот повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар – Охрид формирана со решение број 09-433/1 од 13.01.2022 година.

**Општина Охрид**
**Градоначалник**

Градоначалник
Димитар Влахов
бр. 57
6000 Охрид
Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Комисијата на ден 09.02.2022 година во просториите на општина Охрид, во полн состав оддржа состанок, состави записник број 03-433/5 од 10.02.2022 година и до Градоначалникот достави предлог за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид.

Согласно предлогот, Градоначалникот на општина Охрид донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од денот на известувањето за извршен избор. Жалбата се доставува до Градоначалникот на општина Охрид.

**Општина Охрид**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков**

Изработил: Димитар Спасески
Одобрил: Јоне Станковски